Да се избегнува прскање по големи горештини или силен ветер за да не дојде до пренесување на средството на соседни култури, вода или почва. Со завршување на работата прскалките, резервоарот, млазниците и цевките темелно да се исперат со вода на строго определено место. Средството како и водата која се користи за миење да не се излева во канализацијата. Амбалажата и остатоците од средството да се исперат со вода. Празната амбалажа потоа се деконтаминира со детергент и термички се обработува. Остатокот од средството да се чува во оригиналната амбалажа.

ЗАШТИТНИ МЕРКИ ВО СЛУЧАЈ НА НЕСРЕКА И НЕЗГОДА ПРИ ПРЕВОЗ Во случај на ***незгода во затворен простор*** се превземаат следни мерки за заштита: Лицето што ќе влезе или се наоѓа во контаминираната просторија треба да има заштитна опрема (заштитно одело, гумени чизми , заштитни ракавици).Излиеното (растуреното) средство треба веднаш да се исчисти со абсорптивен материјал (струг) и ова да се чува во добро затворен сад кој е предвиден и означен за таква намена.Потоа контаминираната површина добро да се измие со вода и детергент, кој што после употребата треба да се собере во садот со отпадното средство и истата да не се испушта во канализација. Во случај незаштитеното лице да дојде во контакт со средството треба веднаш да се постапи според упатството за прва помош. ***Во случај на незгода при превоз*** Прво да се изгаси моторот на возилото, да не се пуши и веднаш да се пристапи кон гасењето на огнот. Местото на несреката веднаш да се обезбеди со знаци, да се предупредат останатите учесници во сообраќајот, и да се повика полицијата и стручни служби, а по потреба и пожарникари. Да се локализира средството доколку се разлие - растури по почвата и да се осигура да не навлегува во водата. Со задолжително користење на заштитни средства, оштетената амбалажа се одвојува од неоштетената. Средството се собира во посебен сад кој е предвиден и означен за таква намена. Во случај на пожар веднаш да се отпочне со гасењето на огнот со хемиски прав или со CO2 со задолжително користење на заштитни средства за дишните органи. Контамираната течност настаната при гасење на пожарот не смее да дојде во допир со водотеците или одводна канализација. Во случај незаштитено лице да дојде во контакт со средството треба веднаш да се постапи според упатството за прва помош.

ПОСТАПКА СО АМБАЛАЖАТА: Празната амбалажа најпрво треба да се измие со вода која може да се употреби за подготовка на чорба за прскање.Празната амбалажа да се предаде на овластена фирма за справување со отровни материи.

СКЛАДИРАЊЕ: Средството да се чува во оригинална, добро затворена амбалажа на проветрени и суви места заштитени од влага, на температура не пониска од 5 °C, далеку од прехрамбени производи, пијалоци и храна за животни, на места недостапни за деца и неупатен. Не смее да биде изложен на директна светлина, во близина на извори на топлина и некомпатибилни материјали од типот на органски и неоргански киселини и алкалии.

РОК НА УПОТРЕБА: 3 години

НАПОМЕНА: Производителот гарантира за квалитетот на препаратот додека се наоѓа во оригинално затворено пакување. За евентуални штети или неефикасно делување, со нестручна примена или неправилно склдирање, производителот не превзема одговорност.

ЗНАЧЕЊЕ НА ЗНАЦИТЕ ЗА ОПАСНОСТ, ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ И ИЗВЕСТУВАЊЕ

ЗНАЦИ ЗА ОПАСНОСТ

N - Опасен за околината
Xn - Штетен по здравјето

ЗНАЦИ ЗА ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ

R-36 - Гиритира очите
R – 40 - Ограничена евиденција за канцероген ефект
R - 50/53 - Многу отровен за водени организми, може да предизвика долготрајни неповолни ефекти во водената средина

ЗНАЦИ ЗА ИНФОРМИРАЊЕ

S - 2 - Да се чува подалеку од дофат на деца
S - 13 - Да се чува одделно од храна, пијалоци и добиточна храна
S - 20/21 - При употреба да не се јаде , пие и пуши
S - 22 - Да не се вдишува прашакот
S - 24/25 - Да се избегнува контакт со кожа и очи
S - 26 - При контакт со очи да се измијат со голема количина на вода и да се побара медицинска помош
S - 35 - Содржината и амбалажата мора да се отстранат како опасен отпад
S – 36/37/39 - Да се носи соодветно заштитно одело, ракавици и заштита за лице и очи
S – 61 - Да се избегне ослободување во животната средина; да се придржува до специјалните инструкции (Safety data sheet)

SPHINX EXTRA WG

SPHINX EXTRA WG е системичен фунгицид со превентивно и куративно дејство. Се применува за сузбивање на причинителите на пламеница на винова лоза и домат.
Формулиран во облик на вододисперзни гранули (WG)

Хемиски состав:

a.m.DIMETHOMORPH 113 гр/кг

a.m.FOLPET 600 гр/кг

R : 36,40,50/53
S : 2,13,20/21,22,24/25,26,35,36/37/39,61

ШТЕТНО ПО ЗДРАВЈЕТО Xn

ОПАСНО ЗА ЖИВОТНА ОКОЛИНА N

ПРЕД ОТВОРАЊЕ НА ПАКУВАЊЕТО ЗАДОЛЖИТЕЛНО ДА СЕ ПРОЧИТА УПАТСТВОТО ЗА УПОТРЕБА !
АВИО ТРЕТИРАЊЕ НЕ Е ДОЗВОЛЕНО !
ПРОИЗВОДОТ МОЖЕ ДА СЕ ПРОДАВА САМО ВО СПЕЦИЈАЛИЗИРАНИ ПРОДАВНИЦИ (ЗЕМЈОДЕЛСКИ АПТЕКИ).

Дозвола за промет од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на Р. Македонија
Решение број: 17-1142 од 04.12. 2014 година

Број на шаржа: отпечатен на амбалажата
Датум на производство: отпечатен на амбалажата
Рок на употреба: 3 години

Производител: **ADAMA Makhteshim Ltd.**
Застапник и дистрибутер:
МАГАН-МАК ДОО Скопје
ул.Орце Николов бр.71 Скопје, Р.Македонија
тел.: 02/3216-147; факс: 02/3216-158
www.maganmak.com.mk
®заштитно име на ADAMA Agriculture BV

Нето содржина: 1 kg

УПАТСТВО ЗА УПОТРЕБА

ПРИМЕНА

SPHINX EXTRA WG се употребува:

Винова лоза - за сузбивање на причинителот на пламеница на виновата лоза (Plasmopara viticola) во дози од 1,8 до 2 кг/ха, третирање на секои 10-12 дена, се до крај на фазата на формирање на плодовите .

Домат - за сузбивање на причинителот на пламеница на домат (Phitopthora infenstans) во дози од 1,6 до 2 кг/ха, третирање со интервал од 8-10 дена.

ОГРАНИЧУВАЊА
Максимален број на третирања е четири пати во текот на една година
Третирање од авион не е дозволено.

ФИТОТОКСИЧНОСТ (осетливост на културите на препаратот)
Применет во препорачаните количества или концентрации на правилен начин и во оптимално време, **SPHINX EXTRA WG** не е фитотоксичен за третираните култури - кај повеќе сорти винова лоза, компири, домати и краставици, не се забележани фитотоксични симптоми на листовите, стеблата и плодовите.

КАРЕНЦА
Винова лоза - 28 дена
Домати - 7 дена

МНР:
Грозје - 0,5мг/кг
Компир - 0,02мг/кг

ПОДГОТОВКА НА СРЕДСТВОТО ЗА УПОТРЕБА: Пропишаната количина од препаратот се истура во резервоарот на прскалката, кој е до половина наполнет со чиста вода и постојано се меша со додавање на вода, се додека не се наполни резервоарот.

ОТРОВНОСТ: Средството е отровно за луѓето и рибите, а по содржината на активната материја спаѓа во III група на отрови според Законот за промет на отрови.

ЗАШТИТНИ МЕРКИ ПРИ УПОТРЕБА: Употребата на препаратот во предвидените концентрации од страна на производителот не представува опасност за здравјето на работниците, односно потрошувачите, доколку се применети мерките за заштита при работа и ако се придржува до упатството за употреба. При работа со средството потребно е носење на заштитна облека, гумени чизми и ракавици, како и штитник за лице и за дишните органи. Рацете да се заштитат со гумени или пластични ракавици, а телото со лесно заштитно одело со долги ракави. При работа со препаратот потребно е да не се јаде, пие нити пуши. Средството и амбалажата да се чува на ладно, добро вентилирано и сигурно место подалеку од извори на топлина. После работа со препаратот задолжително да се измијат рацете и изложените делови од телото со топла вода и сапун.

ЗНАЦИ НА ТРУЕЊЕ И ДРУГИ ШТЕТНИ ЕФЕКТИ Во *допир со кожата и очите* може да предизвика слаба иритација.

ПРВА ПОМОШ И ЛЕКУВАЊЕ Во случај на контакт со кожа: да се соблече загадената контаминирана облека и обувките, телото темелно да се измие со топла вода и сапун најмалку 15 минутии да се побара лекарска помош.

Во случај на контакт со очите: темелно да се исплакнат очите и се бара медицинска помош.

Доколку сретството се проголта устата се мие , не се дава ништо орално и веднаш се бара медицинска помош.

Доколку производот се вдиши: Лицето да се изнесе на свеж воздух , се обезбедува мир и затруениот се затоплува. Ако е неопходно се дава вештачко дишење или кислород и се бара медицинска помош.

АНТИДОТ Не постои специфичен антидот, терапијата е симптоматска.

МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА *Заштита на почвата:* Празната амбалажа и остатоците од средството не смеат да дојдат до почвата, ниту да се закопуваат во земја. Доколку средството навлегло во почвата или допрело други предмети, веднаш да се исчистат со абсорптивен материјал (струг од дрво) и ова да се чува добро затворен сад. Подоцна овој сад да се испрати во фабриката заради уништување. Површините и другите работи, да се исчистат со вода со додавање на детергент. Средството како и водата која се користи за миење да не се излева во канализацијата. ***Заштита на водите:*** Препаратот не смее да се применува во водозаштитените зони. Во текот на применета треба да се спречи загадувањето на водата, извори на вода, бунари, водотеци и езера со оставање на нетретирана површина во ширина од најмалку 20 метра. Остатоците од растворот за прскање да не се истураат во канали, канализации и отворени водени текови заради штетното дејство на средството на растителниот и животински свет.***Заштита од штетното дејство на средството*** Средството смее да се употребува само според упаството за примена.